ВЕСТИ › МАКЕДОНИЈА




# ЗНМ: Директорот на топланата „Скопје Север“ да си поднесе оставка поради грубите навреди кон новинарка

26.11.22 15:33

Like Share Tweet

Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) бара директорот на топланата „Скопје Север“ Куштрим Рамадани веднаш да си поднесе оставка поради груби навреди кои ги упатил кон новинарката Катерина Додевска од МКД.мк.




> **Наместо одговор на легитимно поставено новинарско прашање за работата на топланата !Скопје Север“, директорот Куштрим Рамадани упати груби навреди и омаловажувања кон новинарката Катерина Додевска од МКД.мк. Во телефонски разговор помеѓу колешката Додевска и директорот Рамадани, поврзан со тема околу дозволите на оваа топлана, Рамадани на груб начин со недоличен речник ја пцуе новинарката со зборовите „Пи*ка ти материна… матер ти е*ам!“, се вели во соопштението од ЗНМ.**

ЗНМ алармира дека ваков однос кон новинарите и медиумските работници од страна на одговорни лица е недозволив и непримерен.

> **Лична пресметка со новинарите или медиумските работници во ниту еден случај не може да биде оправдана и затоа овој однос може да води кон самоцензура. Ваквиот однос претставува и притисок на слободата на информирањето на јавноста и загрозување на јавниот интерес, наведуваат од ЗНМ.**

Директорот Рамадани исто така, како што додаваат, според разговорот објавен на Мкд.мк, се заканува со тужба на новинарката Додевска без никаква основана причина што дополнително, според нив, говори за нискиот капацитет за професионална комуникација.

> **ЗНМ стои на располагање на колешката Додевска за бесплатна правна помош и за застапување на суд во врска со овој случај, посочуваат од ЗНМ.**

OhridNews

Like Share Tweet

© Ohridnews.com. All rights reserved.
The content of this article, should not be printed, copied or published in any way, without permission by Ohridnews.com

## ПОВРЗАНИ ВЕСТИ

12.01.23 10:08

**Голем пожар во Сплит, гори магацин со гуми**

12.01.23 09:59

**Олеснето плаќање и увид во неплатените месечните сметки и...**

12.01.23 09:16

**Рекорден број поднесени барања за азил во Германија**